# РАСТ

КНИЖЕВНОСТ

УМЕТНОСТ

КУЛТУРА

**БРОЈ 27**

Битола, мај 2023

БИТОЛСКИ КНИЖЕВЕН КРУГ BITOLA'S LITERARY CIRCLE

**Издава**
Друштво на писатели Битолски книжевен крут – Битола

**Главен и одговорен уредник**
Михајло Свидерски

**Редакција**
Мирјана Стојановска
Никола Илијовски

ISSN 1409-9330
УДК 82+7+008

Списанието излегува со финансиска поддршка од Министерството за Култура на Република Северна Македонија.

## СОДРЖИНА

**П О Е З И Ј А** ..... 3
КАТИЦА ЌУЛАВКОВА ..... 5
ВИОЛЕТА ТАНЧЕВА – ЗЛАТЕВА ..... 9
ВЕСНА МУНДИШЕВСКА - ВЕЛЈАНОВСКА ..... 14
Д. А. ЛОРИ ..... 16
ЕМЕЉ ТУНА ..... 19
КИРЕ НЕДЕЛКОВСКИ ..... 22
РОМАН КИСЈОВ ..... 24
ЕРОЛ ТУФАН ..... 29
МАРИЈА БРНДЕВСКА ..... 33
ТОМЕ ВЕЛКОВ ..... 34
ПЕТРА БАУМАН (СЛОВЕНИЈА) ..... 37
КОСТА КОСОВАЦ (СРБИЈА) ..... 42
СУЗАНА В. СПАСОВСКА ..... 46
РУДОЛФ ЈУРОЛЕК (СЛОВАЧКА) ..... 49
**П Р О З А** ..... 53
ЈОВАНА МАТЕВСКА – АТАНОСОВА ..... 55
СТЕФАН МАРКОВСКИ ..... 60
ВЛАДИМИР ИЛИЕВСКИ ..... 63
**С О Г Л Е Д Б И** ..... 71
МИРЈАНА СТОЈАНОВСКА ..... 73
ВАСИЛ ТОЦИНОВСКИ ..... 77

ЕЛИЗАБЕТА ЈОНЧИЌ ... 82
ТРАЈЧЕ КАЦАРОВ ... 85
ЛИДИЈА ДИМКОВСКА ... 93
ЈОВАНКА Д. ДЕНКОВА ... 100
АЛЕКСАНДАР ЈОРДАНОСКИ ... 117
МИЛИЦА РАДЕВСКА ... 129
МИХАЈЛО МАРКОВИЌ ... 133

**Издава**

Битолски Книжевен Круг – Битола
Ул. Ленинова 6б, 7000 Битола

**За издавачот**
Зоран Пејковски

www.bkk-pisateli.mk

**Печати**
Графопром Битола

**Тираж**
200

ISSN 1409-9330
УДК 82+7+008

РАСТ број 27
Битола, 2023 година

Првиот број на РАСТ излезе во 2001 година

**ЈОВАНКА Д. ДЕНКОВА**

УДК 821.163.3-31(049.3)

# ЧЕКОР ДО РАЗУМОТ

Романот „Чекор до разумот“ е пишуван од тогаш младата авторка, Моника Стојанова[1], која го објавила на свои неполни деветнаесет години. Тешко може жанровски поблиску да се одреди овој роман, затоа што во него има елементи и на социјален роман, психолошки, криминалистички, итн. Но, сепак, како што ќе рече и Горјан Петревски во поговорот на овој поучен роман за младите, се работи за „современа сторија, одглас на времето кое го живееме, не само од светот на младите, ами, од животот воопшто, со вклучување и на повозрасните како соучесници и, често виновници за многу нешта што ни се случуваат. Притоа, како што ќе рече Петревски, овде не можат да ѝ се стават узди и сопирачки на желбата брзо да се успее, да се дојде до егзистенција, да се биде свој на своето“.[2]

Јованка Д. ДЕНКОВА

**ЧЕКОР ДО РАЗУМОТ**

Романот „Чекор до разумот“ е пишуван од тогаш младата авторка, Моника Стојанова[1], која го објавила на свои неполни деветнаесет години. Тешко може жанровски поблиску да се одреди овој роман, затоа што во него има елементи и на социјален роман, психолошки, криминалистички, итн. Но, сепак, како што ќе рече и Горјан Петревски во поговорот на овој поучен роман за младите, се работи за „современа сторија, одглас на времето кое го живееме, не само од светот на младите, ами, од животот воопшто, со вклучување и на повозрасните како соучесници и, често виновници за многу нешта што ни се случуваат. Притоа, како што ќе рече Петревски,

[1] Моника Стојанова е родена на 14 јуни 1993 година во Скопје. Дипломирала на Факултетот за земјоделски науки и храна. Автор е на следните дела: „Игра, копнеж, вистина“ (раскази, 2011), „Чекор до разумот“ (роман за млади, 2012), „Божественото во себе“ (роман, 2014), „Танцот на животот“ (роман, 2015), „Танцувајќи во тишината": (Танцот на животот 2) (роман, 2016), „Допирот на времето“ (поезија, 2018).

овде не можат да ѝ се стават узди и сопирачки на желбата брзо да се успее, да се дојде до егзистенција, да се биде свој на своето“.[2]

Романот слободно може да се идентификува како адолесцентски, зашто ги задоволува критериумите за тоа во однос на нараторот, темите и сл. Тука е неопходно да се потсетиме барем на една дефиниција за адолесцентските романи: „Романите за млади ги вклучуваат темите созревање, вознемиреност, растење, позиција во семејството, брак, проблеми со љубовта, сексуални искуства и теми за смрт, болест, зависност од дрога, дилање дрога, алкохолизам, хомосексуалност, педофилија и други видови насилство“.[3] Во центар на нарацијата е девојката Леонтина, која е на крај од своето средношколско образование. Адолесцентот е дефиниран како личност која расте и која е во фаза помеѓу детството и зрелоста. Тој, исто така, се дефинира како личност која повеќе не е дете, но не е целосно возрасен.[4] Авторката Стојанова без никакви разубавувања ни ја открива сценографијата на едно обично македонско семејство, кое всушност е работничко семејство во кое е секојдневна борбата на родителите да им обезбедат пристоен живот на своите деца. Адолесценцијата е дефинирана како возраст која следи по пубертетот и ѝ претходи на возраста на зрелост.[5] Одејќи според сите горенаведени дефиниции, како што елаборира Akinbola, јасно е дека адолесцентот е личност која се наоѓа во фаза од животот кога тој вообичаено е финансиски зависен или од родителите или од старателите, за обезбедување средства за егзистенција. Адолесцентот по таа фаза во животот се здобива со образовни квалификации. Според тоа, финансиската состојба на адолесцентот е поврзана со онаа на возрасните кои се одговорни за него или неа. Ако родителот или старателот на таквиот адолесцент е богат, тогаш следува дека тој ќе биде добро снабден со соодветни материјални ресурси, додека, ако родителот или старателот на адолесцентот е сиромашен, тогаш неизбежно е дека финансиската состојба на адолесцентот во животот во таа фаза е негативно засегнато, освен ако тој има некои други начини за обезбедување финансиски средства, различни од оние што доаѓаат од неговите родители или старатели. Илина и Спиро се вредни работници кои забораваат на искушенијата на современиот живот, со уверување дека со добри зборови ќе ги воспитаат своите деца: „Мајка ѝ немаше постојана работа. Се грижеше за куќта, за неа и нејзиниотдве години постар брат. Правеше највкусни колачи, а потоа ги продаваше по соседните места... Тој (татко ѝ Спиро) беше само еден обичен автомеханичар. Од утро до мрак работеше во блискиот мал салон за автомобили“ (7-9)[6]. Додека била помала и Леонтина ѝ помагала на својата пожртвувана мајка со набрана кожа на рацете. Матеј, постариот син, студент, иако сомнително се однесува, тие сепак, се уверени дека децата нема да застранат по лоши патишта. Всушност, со неговото однесување, и тој е своевиден импулс за однесувањето на Леонтина. Секоја адолесцентка е преокупирана со животните задачи кои се присутни во нејзината

[2] Горјан Петревски, Како да се влезе во приказната на животот, Поговор кон кн."Чекор до разумот" од Моника Стојанова, Академски печат, Скопје, 2012, стр.186-187.
[3] Sanja Vrcić-Mataija, Vrcić-Mataija, Sanja, „Prilog tipologiji hrvatskoga dječjeg romana“, Fluminensia, god. 23, (2011.), br. 2, str. 143-154, (кај Žeravica, Lara, O romanu Zabranjena vrata Zlatka Krilića, 2020, Završni rad, Sveučilište Josipa Jurja Strossmayera u Osijeku, Filozofski fakultet, file:///C:/Users/User/Downloads/zeravica_lara_ffos_2021_zavrs_sveuc.pdf, 25.02,2023
[4] R. Bukola Akinbola, Adolescents, Poverty and the Constitution, (In: Contemporary Issues and Researches on Adolescents, ed.by I. A. Nwazuoke, Yemisi Bamgbose, O.A.Moronkola, Royal People (Nigeria) Ltd, 2004, retrieved from http://ir.library.ui.edu.ng/bitstream/123456789/5005/1/%281%29%20ui_inbk_akinbola_adolescents_2004.pdf, 24.02.2023
[5] Black’s Law Dictionary, 6-th ed. 1991
[6] Цитатите се од книгата Чекор до разумот од Моника Стојанова, Македонски печат, Скопје, 2012.

култура. Имено, таа мора да го ја прифати промената и соревањето на нејзиниот организам и созревањето во возрасна женска личност. Таа се обидува да се оттргне од влијанието на нејзините родители и да стане независна. Таа мора да го пронајде нејзиното место меѓу нејзините врсници, така што ќе ги прифати и ќе се приспособи на барањата на групата, кои честопати се во конфликт со нејзините верувања или со оние на нејзината фамилија.[7] Романот започнува со ситуирање на семејната куќа на Леонтина во еден сосем обичен град: „Ова е мало гратче, во провинција. Овде нема многу интересни нешта кои може да се прават. Сѐ е така секојдневно, обично. Нема многу луѓе... просечно. Нивната куќа е некаде на средина. Скромна и малечка како впрочем и сите. Овде не можат да се видат раскош, богатство, модерни автомобили“ (6). Леонтина не може да се помири и да го прифати скромниот живот кој ја опкружува. Иако има вредни и пожртвувани родители, полни со разбирање, таа постојано е незадоволна од животот во провинцијата, во маалото: „Зошто морав токму јас да раснам во вакви услови? Зошто? Зарем го заслужувам ова? Оваа сиромаштија ме убива, ме убива! Кога бев мала ништо не разбирав и сѐ ми беше полесно... Само... За еден миг се смени сѐ. Сега сфаќам што говорат сите, тоа било вистина. Не е лесно да се биде возрасен, да се биде опкружен со проблеми... Што да правам сега? За ништо не ме бидува, немам пари, убава облека“ (13).

Адолесценцијата е период на огромно учење, истражување и можности.[8] Истовремено, тоа е период на многу биолошки промени во организмот на адолесцентот. Тие биолошки промени предизвикуваат поинтензивна возбуда од ризичното однесување, особено кога може да придобие восхит на врсниците.[9] Исто така, адолесцентите очекуваат поголема автономија и независност во личните избори, како на пример со кого да бидат пријатели.[10] Иако има избор да другарува со пристојните девојчиња од училиштето, како Наташа и Ена, кои се обидуваат да ѝ укажат на нејзиното однесување и да ѝ помогнат, Леонтина, заслепена од желбата за поубав живот, тешко ги разбира нивните предупредувачки зборови: „Зошто секогаш се трудиш да бидеш она што не си? Ако бидеш она што си, никој нема да те навредува. Но, вака ти сакаш да постигнеш нешто што и самата знаеш дека е невозможно“ (18).
Периодот на адолесценција може да се опише како период на низа големи промени, не само физички, туку и психолошки, когнитивни, емоционални и други. Овој период е полн со предизвици и возбудувања; тоа е и период во кој почнуваат да се носат некои важни животни одлуки. Исто така, тоа е период на созревање, во кој младите истовремено се обидуваат да се прилагодат на средината, односно на своите врсници и да се разликуваат од другите возрасни групи, на пример, возрасните.[11] Затоа, адолесцентите наоѓаат различни начини да се истакнат и да покажат дека не припаѓаат на други групи, а тоа го прават на различни начини: следејќи различни трендови (кои

[7] Lawrence K. Frank, Ross Harrison, Elisabeth Hellersberg, Karen MacHover, Meta Steiner, Personality Development in Adolescent Girls, In: Monographs of the Society for Research in Child Development, Vol. 16, No. 1, Personality Development in Adolescent Girls (1951), pp. 1-316, https://www.jstor.org/stable/1165506, 24.02.2023

[8] David S. Yeager, Social and Emotional Learning Programs for Adolescents, The future of children, Vol.27, No.1, 2017, https://files.eric.ed.gov/fulltext/EJ1145078.pdf, 24.02.2023

[9] Barbara R. Braams et al., Longitudinal Changes in Adolescent Risk-Taking: A Comprehensive Study of Neural Responses to Rewards, Pubertal Development, and Risk-Taking Behavior, Journal of Neuroscience 35 (2015): 7226–38, doi: 10.1523/JNEUROSCI.4764-14.2015; Jason Chein et al., Peers Increase Adolescent Risk Taking by Enhancing Activity in the Brain’s Reward Circuitry, Developmental Science 14 (2011): 1–10, doi: 10.1111/j.1467-7687.2010.01035.x

[10] Martin D. Ruck, Rona Abramovitch, and Daniel P. Keating, “Children’s and Adolescents’ Understanding of Rights: Balancing Nurturance and Self-Determination,” Child Development 69 (1998): 404–17, doi: 10.1111/j.1467-8624.1998.tb06198.x

[11] Skelin Horvat, A. (2017). O jeziku i identitetima hrvatskih adolescenata. Zagreb: Srednja Europa

најчесто ги наметнуваат медиумите), покажуваат бунтовничко однесување, преку начинот на облекување, нивниот изглед и преку начинот на кој се изразуваат во јазикот.[12] Младата Леонтина од романот на, исто така, младата авторка Моника Стојанова, е одраз на целата своја генерација, и во неа се генерирани и акумулирани истите настојувања, дилеми и нерешителности. Очајно посакувајќи подобар, луксузен живот, таа го презира животот на нејзините родители, кој и таа самата го живее, животот на маалото, на провинцијата. Нејзината бунтовност е мотивирана од сликата која им се прикажува на младите на мас-медиумите за убавиот и удобен живот, како и лесниот начин да се дојде до него. Оттука, адолесцентите честопати се „заведени“ од сликата која мас-медиумите им ја прикажуваат: „Несомнено, беше под влијание на светската слава и ексклузивност кои секојдневно ги гледаше низ магазините или пак ТВ-емисиите“. Од тие причини, Леонтина ја одбива и очигледната љубов, почит и приврзаност кои кон неа ги покажува момчето Горан: „Во соседната куќа живееше Горан. Момчето кое беше лудо вљубено во Леонтина. Не избираше и не одбиваше никаква работа, туку работеше што ќе најде... Она што ќе го заработеше го делеше со својата слепа мајка и помалата сестра... Нивниот татко загина во сообраќајна несреќа пред многу години...Живееше во скромна, мала куќичка. ...Немаше пари, но затоа пак имаше огромно непроценливо богатство во душата. Чесност, разбирање и толеранција кон секого“ (14-15). И покрај тоа што тој искрено се труди да ја отрезни од заблудата, таа непоколебливо го отфрла: „Што можеш ти да ми понудиш? Што? Беда, сув леб, проблеми, сиромаштија...со еден збор-ништо!...Доста веќа! Доста! Ми здодеа од тебе и од сите како вас!“ (34). Бунтот може да ги натера младите да се побунат против нивните сопствени интереси - отфрлајќи ги детските интереси, активности и односи кои често ја поддржуваат самодовербата. Тоа може да ги натера да се вклучат во самоуништувачко и самоуништувачко однесување - одбивање да работат училишна работа или дури и физички да се повредат себеси. Тоа може да ги натера да експериментираат со дејства со висок ризик - прифаќање на нешта кои како деца би ги одбиле. Тоа може да ги натера да ги отфрлат безбедните правила и ограничувања - дозволувајќи му на импулсот да го надвладее расудувањето до опасен ефект. И тоа може да предизвика да ги повредат ценетите врски - туркајќи ги оние за кои се грижат и оттурнувајќи ги настрана.[13]

Адолесценцијата е возраст во која е неизбежна потрагата по идентитет, место, припадност. Периодот на сексуално созревање дополнително поттикнува преиспитување на тој, но и на родовиот идентитет, што подразбира став, не само биолошка основа. Табуто кое постои на оваа тема кај носителите на владеачките културни матрици, во случај на отстапување од нормата, се пренесува и на адолесцентите.[14]

Моделите на облеување се регулираат во рамките на група врсници според некои непишани правила. Одредени стилови и бои на облека може да бидат одобрени или неодобрени од групата. Од членовите на групата се очекува да ја следат групата, па дури и да се притиснат да се облекуваат на ист начин, што се нарекува притисок од врсниците. Облеката што не е во согласност со стандардот и очекувањата на групата

---

[12] Bratović, Ana, Promjena koda kao identitetska oznaka, Završni rad Sveučilište u Rijeci, Filozofski fakultet, 2021, Preuzeto s https://urn.nsk.hr/urn:nbn:hr:186:720117, 25.02.2023

[13] Carl Pickhardt, Rebel With a Cause: Rebellion in Adolescence Teenage rebellion plays an important part in adolescent growth, Commonlit, 2009, https://www.cbsd.org/cms/lib010/PA01916442/Centricity/Domain/2773, 25.02.2023

[14] Vladislava Gordić Petković, Ivana Đurić Paunović, Rodne pretstave i narativne perspektive: Kriza odrastanja kao tematski i metodološki izazov u nastavi književnosti za decu i omladinu (vo: Književnost s praga veka ogledi i iz anglofone književnosti), Filozofski fakultet, Novi Sad, 2019, str.159. https://digitalna.ff.uns.ac.rs/sites/default/files/db/books/978-86-6065-519-8.pdf, 25.02.2023

може да биде критикувана. Понекогаш притисокот е нежен и служи само како извор на инспирација за другите. Но, може да биде силно и сурово принудувајќи ги луѓето или да се усогласат или да бидат исклучени од групата.[15] Токму притисокот од врсниците, од другарките во училиштето и нивното потсмевање, ја одбива Леонтина од тоа место и придонесува за засилување на нејзината желба за поубав живот: „Од каде ги купи чевлите? Многу ми се допаѓаат, и јас сакам такви – иронично рече една од нив" (17); „Реков дека нема денеска да одам на училиште. Сите мои другарки убаво се облекуваат, а јас не сум купила ништо ново од минатата сезона. Како очекуваш да излезам надвор во овие стари крпи? Како? Сакаш сите другарки да ме исмејуваат?" (9). Додека адолесцентот ја формира сликата за себе и својот идентитет, тој/таа може да стане преокупиран со експериментирање во својот изглед. Забележано е дека важноста на облеката и интересот за облеката го достигнуваат својот врв во адолесценцијата. Облеката е доста видлива. Кајзер ја покажа важноста на облеката и изгледот преку поврзување на фазите на општествено прифаќање со учество во различни ситуации. Кенон, Стејплс и Карлсон открија дека, за девојчињата, личниот изглед е значително поврзан со социјалното прифаќање. Рајан објави дека облеката има влијание врз расположението и постапките на адолесцентните девојчиња во социјални ситуации. Ајчер и Кели објавија дека облекувањето од пониска социјална класа се смета за несоодветно и немодно од девојчињата во училиште од горната средна социјална класа.[16]

Сите тие фактори ќе придонесат Леонтина да стане жртва на подведувачите во адолесцентската порнографија, присутни и во нејзиното училиште и брзо да стане лесен плен на новостекнатите „пријателки" – Александра, индикативно наречена - Ѓаволицата, како и Сара и Елена, кои „работат" за неа со клиенти кои таа им ги договара. И покрај предупредувањата на вистинските другарки во училиштето да се оддалечи од Александра и нејзиното друштво, и покрај отрезнувачките зборови на Горан полни со љубов, родителските зборови полни со разбирање и поддршка, сепак Леонтина наивно ќе поверува во приказната за блескавата иднина како манекенка. Откако ќе го прекине школувањето, ќе биде втурната во проституција, па дури и меѓународна трговија со дрога, бидејќи (без нејзино знаење!) ќе ја претворат во „контејнер" за пренесување дрога во странство, вградена во градните импланти. Како што често се случува со општествените проблеми кои не биле опширно истражени или опишани од новинарите, силните стереотипи имаат тенденција да доминираат во размислувањето за малолетничката проституција - забеганата и бездомна младина која е регрутирана на улица од макро. Освен тоа, не сите млади работат под контрола на макроа и други експлоататори. Многу малолетници оперираат сами, а некои може да бидат вклучени во она што може да се опише како доброволен начин без манипулации или очајна потреба.[17]

Тогаш Леонтина се освестува од заблудата за блескавиот сјај на убавиот живот на манекенките, и вистината за она што се крие зад сето тоа: „Што правам јас? Каде бев до вчера, а каде се најдов за неколку секунди? Преку ноќ почнав да станувам богата, да добивам скапи подароци... Ама која е цената за сето тоа?... Нема ништо лошо тука. ...

---

[15] Asma KIran, Ayesha Riaz and Niaz Nussain Mali, Factors Affecting Change in the Clothing Patterns of the Adolescent Girls, International Journal of Agriculture & Biology, Vol. 4, No. 3, 2002, https://d1wqtxts1xzle7.cloudfront.net/32396371/21-libre.pdf, 25.02.2023

[16] Catherine M. Daters, Importance of Clothing and Self-Esteem among Adolescents, "Importance of clothing and self-esteem among adolescents." Clothing and Textiles Research Journal 8.3 (1990): 45-50., journals.sagepub.com, 25.02.2023

[17] Kimberly J. Mitchell, David Finkelhor, Janis Wolak, Conceptualizing Juvenile Prostitution as Child Maltreatment: Findings from the National Juvenile Prostitution Study, Child Maltreatment, Volume 15, Number 1, February 2010 18-36, https://cola.unh.edu/sites/default/files/media/2021/05/cv186.pdf, 26.02.2023

Моето семејство не мора ни да знае за сето ова. Колку само ќе се израдуваат на моите успеси, на богатството кое ќе го добивам“ (101). Желбата да ги оправда своите понатамошни постапки, навистина да учествува на избор на мис на светот, ќе ја натераат Леонтина да го прифати постариот Теодор како свој спонзор, а подоцна и сопруг.

Сознанието за предавството на навидум најдобрата другарка со нејзиниот сопруг, сознанието дека била злоупотребена за трговија со дрога, како и монотонијата и здодевноста од таквиот живот, ќе ја натера Леонтина да ги разоткрие нарко-босовите, по што некои од нив ќе завршат во затвор, а оние покрупните (како и во вистинскиот живот!) ќе побегнат и ќе се спасат од законот. Во тие моменти, единственото сигурно прибежиште на кое може да помисли е нејзиниот дом, кој сега, во нејзините претстави е убав, спокоен и мирен: „Возбудено и со големи чекори се упати кон маалото. Беше многу среќна. Тоа беа мигови кои ги немаше доживеано одамна, тоа беше таа празнина која долго време ја чувствуваше, а сега полека се пополнуваше. Тоа беше вистинското богатство од кое се откажа некогаш за да стигне до имагинарното“ (172).

Но, и таму ја дочекува разочарување, откако ќе сфати дека во нејзиното некогашно маало животот продолжил и без неа, дека многу работи се променети, а таа останала на маргините од сеќавањето на луѓето како мрачна дамка: „За Леонтина слушнав дека и таа се завлекла со Александра, тргнала по лош пат, не се зборува арно за неа... А, колку убаво девојче беше порано...Ехxx...Горан многу ја сакаше, долго време страдаше поради неа, со денови не излегуваше од дома. Имаше одлучено дека ќе ја чека. Но, кога слушна каква валкана професија одбрала, многу се разочара и дефинитивно се откажа од неа. Сега, Горан се ожени, си зеде убава невеста од соседното маало. Фино девојче е и многу се сакаат, се гледа заљубени се. Да, среќни се, ете сега наскоро ќе им се роди и бебе...Чекале девојче“ (173).

Нејзиното освестување ќе ја поведе по мрачни патишта на себепреиспитување, каење и срам затоа што ги изневерила родителите кои имале бесконечна доверба во неа, заради што ќе биде на раб на самоубиството: „Лага беше, сè беше лага... Лагааа! Ме излажаа, бев глупава, наивна. Слепо им верував, посебно на Александра...Јас сум лоша ќерка, пример за тоа како не треба луѓето да се однесуваат! За што вредам сега? За што?...Мостот беше прилично висок, а реката брза и длабока. Како нешто од водата да ја повикуваше. Да, имаше некој глас кој ѝ говореше од длабочините на реката, сè повеќе ја привлекуваше“ (178).

Романот „Чекор до разумот“ на авторката Моника Стојанова третира мошен сериозна социјална тема/проблем – адолесцентската проституција. И покрај најчестото мислење според истражувањата дека на проституција се оддаваат млади кои најчесто бегаат од домот заради дисфункционалните семејства и потпаѓаат под влијание на подведувачи, во романот на Моника Стојанова, главната протагонистка потекнува од скромно, патријархално, работничко семејство, во кое, за жал, евидентна е недоволната родителска инволвираност и комуникација со децата. Овде би го спомнале искажувањето на Марија Ралева, кога зборувајќи за семејствата со адолесценти, го потенцира фактот од потребата за родителскиот авторитет, односно негово почитување. При тоа, таа спомнува повеќе стилови кои можат да се сретнат кај денешните семејства: авторитативен, авторитарен, немарен, а меѓу нив го спомнува и попустливиот стил. Според Ралева, во овој случај родителот е неодмерен во давањето, а скромен и попустлив во барањето. Попустливите родители им ја ускратуваат на децата потребната контрола. Заради тоа овие деца се принудени во текот на животот да бараат граници и да ги тестираат на загрозувачи начин во однос на себе.[18]

---

[18] Марија Ралева, Адолесценција, криза, семејство, Магор, Скопје, 2006, стр.55-56.

Сето тоа, заедно со сиромаштијата и желбата на децата за убав, луксузен живот, резултира за појава на криминал кај нивните деца и распад на семејството. Имено, и постариот брат на Моника-Матеј, инаку студент, авторката Стојанова, од истите побуди како и Леонтина, го носи надвор од границите на законот. Тој се занимава со трговија со дрога, па дури и ќе стане и платен убиец, по што ќе биде осуден на долгогодишна робија.

На крај, Леонтина ќе пронајде сила во себе да продолжи да живее, иако со мноштво лузни на младата душа. Откако ќе го раздели неморално стекнатото богатство на своите најблиски и во хуманитарни цели, го пронаоѓа својот мир среде ѕидовите на блискиот манастир: „Конечно научи кои се вистинските вредности, ги запозна моралот и честа, а нејзин најголем пријател станаа чесноста и искреноста" (182).

ЛИТЕРАТУРА


1. Akinbola, R. Bukola. (2004). Adolescents, Poverty and the Constitution, (In: Contemporary Issues and Researches on Adolescents, ed.by I. A. Nwazuoke, Yemisi Bamgbose, O.A.Moronkola, Royal People (Nigeria) Ltd, retrieved from http://ir.library.ui.edu.ng/bitstream/123456789/5005/1/%281%29%20ui_inbk_akinbola_adolescents_2004.pdf, 24.02.2023
2. Black's Law Dictionary, 6-th ed. 1991
3. Braams, Barbara R. (2015). et al., Longitudinal Changes in Adolescent Risk-Taking: A Comprehensive Study of Neural Responses to Rewards, Pubertal Development, and Risk-Taking Behavior, Journal of Neuroscience 35: 7226–38, doi: 10.1523/JNEUROSCI.4764-14.2015; Jason Chein et al., Peers Increase Adolescent Risk Taking by Enhancing Activity in the Brain's Reward Circuitry, Developmental Science 14 (2011): 1–10, doi: 10.1111/j.1467-7687.2010.01035.x
4. Bratović, Ana. (2021). Promjena koda kao identitetska oznaka, Završni rad Sveučilište u Rijeci, Filozofski fakultet, Preuzeto s https://urn.nsk.hr/urn:nbn:hr:186:720117, 25.02.2023
5. Daters, Catherine M. (1990). Importance of Clothing and Self-Esteem among Adolescents, "Importance of clothing and self-esteem among adolescents." Clothing and Textiles Research Journal 8.3: 45-50., journals.sagepub.com, 25.02.2023
6. Frank, Lawrence K., Harrison, Ross, Hellersberg, Elisabeth, MacHover, Karen, Steiner, Meta. (1951). Personality Development in Adolescent Girls, In: Monographs of the Society for Research in Child Development, Vol. 16, No. 1, Personality Development in Adolescent Girls, pp. 1-316, https://www.jstor.org/stable/1165506, 24.02.2023
7. Gordić Petković, Vladislava, Đurić Paunović, Ivana. (2019). Rodne pretstave i narativne perspektive: Kriza odrastanja kao tematski i metodološki izazov u nastavi književnosti za decu i omladinu (vo: Književnost s praga veka ogledi i iz anglofone književnosti), Filozofski fakultet, Novi Sad, str.159. https://digitalna.ff.uns.ac.rs/sites/default/files/db/books/978-86-6065-519-8.pdf, 25.02.2023
8. Kiran, Asma, Riaz, Ayesha and Nussain Mali, Niaz. (2002). Factors Affecting Change in the Clothing Patterns of the Adolescent Girls, International Journal of Agriculture & Biology, Vol. 4, No. 3, https://d1wqtxts1xzle7.cloudfront.net/32396371/21-libre.pdf, 25.02.2023
9. Mitchell, Kimberly J., Finkelhor, David and Wolak, Janis. (2010). Conceptualizing Juvenile Prostitution as Child Maltreatment: Findings from the National Juvenile Prostitution Study, Child Maltreatment, Volume 15, Number 1, 18-36, https://cola.unh.edu/sites/default/files/media/2021/05/cv186.pdf, 26.02.2023
10. Pickhardt, Carl. (2009). Rebel With a Cause: Rebellion in Adolescence Teenage rebellion plays an important part in adolescent growth, Commonlit, https://www.cbsd.org/cms/lib010/PA01916442/Centricity/Domain/2773, 25.02.2023
11. Ruck, Martin D., Abramovitch, Rona and Keating, Daniel P. (1998). Children's and Adolescents' Understanding of Rights: Balancing Nurturance and Self-Determination, Child Development 69: 404–17, doi:10.1111/j.1467-8624.1998.tb06198.x
12. Skelin Horvat, A. (2017). O jeziku i identitetima hrvatskih adolescenata. Zagreb: Srednja Europa
13. Vrcić-Mataija, Sanja. (2011). Prilog tipologiji hrvatskoga dječjeg romana, Fluminensia, god. 23, br. 2.
14. Yeager, David S. (2017). Social and Emotional Learning Programs for Adolescents, The future of children, Vol.27, No.1, https://files.eric.ed.gov/fulltext/EJ1145078.pdf, 24.02.2023
15. Žeravica, Lara. (2020). O romanu Zabranjena vrata Zlatka Krilića, Završni rad, Sveučilište Josipa Jurja Strossmayera u Osijeku, Filozofski fakultet, file:///C:/Users/User/Downloads/zeravica_lara_ffos_2021_zavrs_sveuc.pdf, 25.02.2023

16. Петревски, Горјан. (2012). Како да се влезе во приказната на животот, Поговор кон кн."Чекор до разумот" од Моника Стојанова, Академски печат, Скопје.
17. Ралева, Марија. (2006). Адолесценција, криза, семејство, Магор, Скопје.
18. Стојанова, Моника. (2012). Чекор до разумот. Македонски печат, Скопје.